Друштво за неживотно осигурување
КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД.
Бр. 0202-9/1
15.05 2009 год
СКОПЈЕ

КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ А.Д.
ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ

# СПЕЦИЈАЛНИ ТАРИФИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ

**Скопје, 2009 година**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Специјални Тарифи за осигурување на меѓународен транспорт**

Специјалните тарифи се применуваат за сите наведени стоки и имаат предност во примената пред формирање на премиски стапки по Општата Тарифа.

Преземачите на ризик можат да применат специјална Тарифа и за стоки кои не се опфатени со специјалната Тарифа, а имаат идентични својства со онаа за која има специјална Тарифа.

Специјалните Тарифи се применуваат директно без намалување и подлежат по Табелата за корекции, за осигуреници кои имаат договор за отворено покритие.

**ТАРИФА 1**
**за осигурување на пратки: сирови и суви кожи, текстилни и кожни суровини и производи**

Во проценти

| Ред. бр. | Вид на стоката | Поморски превоз: Пристан. на САД, Канада, Европа и Средоземието | Поморски превоз: Останати релации | Останати превози: Железнички, речни, камионски и авионски |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Памук—волна и предиво | | | |
| | Ц | 0,15 | 0,17 | 0,08 |
| | Б | 0,24 | 0,26 | - |
| | А | 0,30 | 0,35 | 0,57 |
| 2. | Сирови солени кожи | | | |
| | Ц | 0,11 | 0,17 | 0,08 |
| | Б | 0,24 | 0,21 | - |
| | А | 0,30 | 0,39 | 0,30 |
| | А + HAS (потење и впалување) | 0,80 | 1,07 | 0,39 |
| 3. | Сирови суви кожи | | | |
| | Ц | 0,12 | 0,17 | 0,12 |
| | Б | 0,15 | 0,21 | - |
| | А | 0,26 | 0,35 | 0,21 |
| | А + HAS | 0,53 | 0,62 | 0,35 |
| 4. | Текстил, кожа и гума и нивни производи | | | |
| | Ц | 0,08 | 0,11 | 0,08 |
| | Б | 0,21 | 0,21 | - |
| | А | 0,35 | 0,44 | 0,26 |

1. Горните премиски стапки се применуваат при увоз и извоз на наведените стоки и слични на нив
2. Ако при увозот осигуреникот побара покрај осигурување по клаузулата **А** и
3. Покритие од Country Damage u ризикот самозапалување кај памук, а кај сурови кожи ризикот влага, потење и загрејување од било која причина и молци, се наплатува додатна премија за тие ризици.

Ризиците под точка 2 се прифаќаат во осигурување ако пратката биде прегледана од овластена контролна куќа пред утоварот, а за ризикот молци треба да е препарирана со хемиски препарати и за истата да има хавариски цертификат.

## ТАРИФА 2
## За осигурување на пратки, нафта и хемиски производи

| Ред. бр. | Вид на стоката | Поморски превози | | Речен превоз | Останати превози |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Пристан. на САД, Канада и Европа | Останати превози | | железнички, поштенски и авионски |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. Нафтени деривати и хемиски производи пакувани во амбалажа и тоа: | | | | | |
| а) Стаклена и друга лесно кршлива амбалажа | | | | | |
| | Ц | 0,11 | 0,13 | 0,10 | 0,08 |
| | Б | 0,21 | 0,26 | 0,13 | - |
| | А | 0,38 | 0,44 | 0,33 | 0,17 |
| б) во дрвена, тврда пластика и буриња | | | | | |
| | Ц | 0,10 | 0,11 | 0,10 | 0,08 |
| | Б | 0,15 | 0,21 | 0,12 | - |
| | А | 0,33 | 0,37 | 0,29 | 0,15 |
| в) во текстилни и пластични вреќи и картонска амбалажа | | | | | |
| | Ц | 0,10 | 0,13 | 0,10 | 0,04 |
| | Б | 0,21 | 0,26 | 0,12 | |
| | А | 0,38 | 0,44 | 0,31 | 0,17 |
| г) во цистрени | | | | | |
| | Ц | 0,10 | 0,11 | 0,08 | 0,05 |
| | Б | 0,10 | 0,26 | 0,90 | |
| | А | 0,26 | 0,35 | 0,26 | 0,17 |
| 2.Сурова нафта и деривати рефус - непакувани (танкери) | | | | | |
| | Ц | 0,10 | 0,12 | 0,10 | - |
| | Б | 0,17 | 0,26 | 0,17 | - |
| | А | 0,35 | 0,38 | 0,26 | - |
| 3. Јаглен, кокс и брикети | | | | | |
| | Ц | 0,10 | 0,12 | 0,10 | 0,08 |
| | Б | 0,17 | 0,21 | 0,17 | |
| | А, со 1% франшиза | 0,26 | 0,35 | 0,26 | 0,17 |
| | А, без франшиза | 0,53 | 0,62 | 0,53 | 0,44 |

1. Со премиските стапки од оваа тарифа се покрива целата релација т.е. од местото на отпрема до одреденото пристаниште или место договорено за прием се додека трае ризикот на осигуреникот, со ширина на покритие против сите ризици во копнен превоз и Кл. А во поморски превоз. Кај ФОБ утоварено на брод при продажба или ЦИФ купување одредено пристаниште, ризиците на утовар и растовар и задржувањето на пристаниште до 30 дена не се покриени со оваа тарифа, ако посебно не се нагласи во полисата и доплати премија од 0,080% за стоки од класа А и Б и 0,100% за класа В со ширина на покритие против сите ризици.
2. Пратките од точка 1 под А и В на оваа тарифа подлежат под франшиза од 0,5%, а за откуп на франшизата се доплака 30% од истата.
3. Пратките на нафта и нафтени деривати кои се превезуваат во цистерни и танкери подлежат под франшиза поради природното својство на испарување.
   Франшизата изнесува:
   - во копнен превоз 0,3%
   - во поморски превоз 0,6%

Франшизата може да се откупи со доплаток од 50% од истата.
Ризикот кусок може да се осигура под услов да се врши званично мерење на исти начин во местата на утовар, претовар и растовар и за тоа да има цертификат од неутрална контролна куќа.

## ТАРИФА 3
### За осигурување пратки на инвестициона опрема

А. Поморски превоз

| Ред. бр. | Клаузула А<br>Против сите ризици<br>Релација | Стапка % | Франшиза % |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Европа, САД, Канада | | |
| | а) од и до пристаниште | 0,28 | 0,330 |
| | б) од и до местото во внатрешноста без оглед на начинот на превоз по копно | 0,43 | 0,330 |
| 2 | За сите останати земји | | |
| | а) од и до пристаниште | 0,43 | 0,330 |
| | б) од и до местото во внатрешноста без оглед на начинот на превоз по копно | 0,53 | 0,330 |

Копнен превоз

| Ред. бр. | Клаузула А<br>Против сите ризици<br>Релација | Стапка % | Франшиза % |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Соседни земји | 0,24 | 0,330 |
| 2 | Сите европски земји | 0,29 | 0,330 |
| 3 | Сите останати земји вон Европа | 0,34 | 0,330 |

1. Оваа тарифа се применува за осигурување пратки на инвестициона опрема наменета за објекти во градба или реконструкција, без оглед дали испораката ќе се врши со една или со повеќе пратки.
2. Премиските стапки и франшизата за осигурување на инвестициона опрема се спојуваат, доколку поинаку не се договори.
3. Осигурување по оваа тарифа се врши по условите на Institute Gargo Glauses A11 Risk т.е. Клаузула А 252 со или без одбитна франшиза по избор на осигуреникот. За пратките товарени на палуба се исклучуваат штети како последица на морска вода и врнежи како и од ризикот (рѓа и оксидација), и ризикот отфрлување и отпловување. Овие ризици со доплаток може да се осигураат.
   За вредноста на стоката товарена на палуба доплатокот изнесува 0,200%.
4. Со оваа Тарифа се осигурува целата релација *кука—кука* т.е. за целовреме.
5. Франшизата се откупува со доплаток од 50% од висината на истата.
6. Осигурениците кои вршат осигурувања по оваа тарифа имаат право на констатација на невидливите штети кои може да се проценат дека настанале за време на превозот во рок од 12 месеци, сметано од денот на пристигнувањето на пратката во одреденото место означено во полисата.

Констатацијата на штети до 1.000 ЕУР може да врши комисија на осигуреникот. Опремата да биде сместена и заштитена во соодветни магазини. Видливите штети да бидат констатирани во моментот на преземање пратката од превозникот и во присуство на осигуреникот и осигурувачот или овластен хавариски комесар.

Ако осигуреникот сака осигурување на ризикот рѓа и корозија потребно е соодветна стручна организација, да го утврди начинот на антикорозивната заштита во наведениот рок од точка 5 и да осигуреникот постапи по упатствата на стручната организација и да доплати соодветна премија и тоа:

— за рѓа и корозија - 0,120%
— за вскладиштување - 0,092% против сите ризици за секои започнати 30 дена, ако вскладиштувањето однапред е договорено и платена премија за 6 месеци по клаузула Против сите ризици, стапката ќе изнесува 0,360%.

## ТАРИФА 4
### За осигурување на месо, риба и сувомеснати производи и конзервирано

| Ред. бр. | СТОКА | Поморски превоз | Копнен превоз | |
|---|---|---|---|---|
| | | Европа, САД , Средоземје | Европа | Ост. земји |
| 1. | Свежо месо и риба: | | | |
| | сите ризици — А | 0,62 | 0,44 | 0,62 |
| | А + расипување | 1,33 | 1,33 | 1,78 |
| 2. | Бекон смрзнат во блок и риби: | | | |
| | — сите ризици — А | 0,53 | 0,44 | 0,53 |
| | А + расипување | 1,24 | 1,07 | 1,24 |
| 3. | Сувомеснати производи: | | | |
| | — сите ризици | 0,53 | 0,44 | 0,53 |
| | А + расипување | 0,89 | 0,71 | 0,89 |
| 4. | Конзерви со месо | 0,30 | | 0,26 |
| | — сите ризици — А | | | |
| | А + надувување | 0,62 | | 0,53 |
| 5. | Солени и сушени црева: | 0,000 | | 0,62 |
| | — сите ризици —А | 0,35 | | 1,78 |
| | А + расипување | 0,71 | | |

1. Превозот да се врши во специјални ладилници (возила, вагони, и комори). Ако се врши претовар од едно во друго превозно средство — стапките се зголемуваат за 50%.
2. Премиските стапки од оваа тарифа се предвидени за осигурување додека трае ризикот на осигуреникот т.е. се применува соодветна стапка без франшиза, освен комерцијално кало. Калото по Т—1 изнесува 1—1,5%, а за другите стоки од 0,5—0,7% од вредноста на пратката.
3. Расипување по оваа тарифа се осигурува од било која причина, без франшиза.
4. Ризикот надувување се однесува за осигурување на конзерви со месо.

Ако е договорено траење од:

- кај полустерилизирани конзерви, 60 дена од денот на пристигнувањето на пратката во одреденото место назначено во полисата;
- кај стеризлизирани конзерви 120 дена од денот на пристигнувањето на пратката во одредено место назначено во полисата. Покритието под А и Б престанува на денот кога ќе истече рокот на траење на конзервата, или поради несоодветно чување на конзервите.

**ТАРИФА 5**
**За осигурување пратки на дрво**

Премиските стапки по Кл.А. т.е. *сите ризици* во поморски и копнен превоз изнесуваат

| Ред.бр. | Од или до пристаниште или место | вид на дрво | | |
|---|---|---|---|---|
| | | А | Б | В |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | А. ПОМ0РСКИ ПРЕВОЗ<br>Европа | | | |
| | а) Франција, Португалија, Шпанија, Италија, Малта, Албанија, Грција, Кипар, Бугарија, Романија и Црноморски пристаништа на СССР | 0,24 | 0,29 | 0,36 |
| | б) Останати европски пристаништа | 0,25 | 0,32 | 0,38 |
| 2 | Северна Америка | 0,26 | 0,35 | 0,40 |
| 3 | Сите останати земји | | | |
| | Б.Копнен превоз | 0,27 | 0,36 | 0,40 |
| 1 | За *сите ризици* во копнен превоз | 0,14 | 0,21 | 0,29 |

1. Оваа тарифа се применува за осигурување на следните пратки:
   а) јамско дрво, дрво за горење, трупци, железнички прагови;
   б) режано, меко и тврдо дрво,делови, сандаци, разни дршки (за метали, секири).
   в) шперплочи, други плочи изработени од дрво, фурнир, паркет и други полуфабрикати и финални производи од дрво.
2. Премиски стапки од оваа тарифа се применуваат за покритие спрема условите на клаузулата од Сојузот за трговија со дрво Timber Trade Fede.ration Klauses КЛ.140.
3. Ако осигуреникот сака покритие по клаузулата Ц соодветните стапки се намалуваат за 50%, а ако сака осигурување по Б клаузулата наведените стапки се намалуваат за 25%.
4. Наведените стапки се предвидени за пратки натоварени под палуба и до 1/3 од товарот товарен на палуби.
5. Над 1/3 од товарот натоварен на палуба, се доплаќа 0,20 за вишокот над 1/3 сразмер на вредноста на пратката.
6. Ако пратката пред натоварувањето во пристаништето на натоварот или по истоварувањето во пристаништето на истоварот се превезува и со други превозни средства, не се пресметува дополнителна премија.
7. За осигурување на околностите на транспортот кои не се предвидени со оваа тарифа се применуваат одредбите и стапките од Општата тарифа.

## ТАРИФА 6
## За осигурување на пратка на овошје, зеленчук, нивни преработки и алкохолни пијалоци

| Ред бр | Вид на Стока | Поморски превоз Европа, САД , | Ост.Земји | Останат превоз |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Лесно расипливо овошје и зеленчук | | | |
| | А (сите ризици) со франшиза | 0,44 | 0,53 | 0,35 |
| | А + расипување со франшиза | 3,13 | 3,13 | 2,68 |
| | А + расипување без франшиза | 3,92 | 4,47 | 3,58 |
| 2. | Расипливо овошје и зеленчук | | | |
| | А (сите ризици) со франшиза | 0,36 | 0,48 | 0,30 |
| | А + расипување со франшиза | 2,23 | 1,87 | 2,23 |
| | А + расипување без франшиза | 3,58 | 4,02 | 3,13 |
| 3. | Останато овошје и зеленчук | | | |
| | А (сите ризици) со франшиза | 0,30 | 0,44 | 0,26 |
| | А + расипување со франшиза | 0,80 | 1,07 | 0,53 |
| | А + расипување без франшиза | 2,23 | 2,68 | 2,23 |
| 4. | Јужно овошје | | | |
| | А (сите ризици) со франшиза | 0,44 | 0,53 | 0,21 |
| | А + расипување со франшиза | 1,14 | 1,78 | 1,33 |
| | А + расишување без франшиза | 1,78 | 2,68 | 2,23 |
| 5. | Смрзнато овошје и зеленчук | | | |
| | А (сите ризици) со франшиза | 0,35 | 0,44 | 0,21 |
| | А + расипување со франшиза | 0,64 | 0,89 | 0,44 |
| | А + расишување без франшиза | 1,33 | 1,78 | 1,33 |
| 6. | Сушено овошје и зеленчук | | | |
| | А — (сите ризици) со франшиза | 0,35 | 0,44 | 0,17 |
| | А + расипување со франшиза | 0,44 | 0,62 | 0,30 |
| | А + расипување без франшиза | 0,53 | 0,71 | 0,44 |
| 7. | Преработка и полупроизводи од овошје и зеленчук во следната амбалажа | | | |
| | а) бочви, буриња, сандаци и вреќи | | | |
| | А - (сите ризици) со франшиза | 0,26 | 0,44 | 0,12 |
| | А + расипување без франшиза | 0,53 | 0,71 | 0,35 |
| | б) лименки и пластична амбалажа | | | |
| | А - (сите ризици) со франшиза | 0,26 | 0,35 | 0,12 |
| | А + расипување без франшиза | 0,53 | 0,62 | 0,30 |
| | - расипување+надувување без франшиза | 0,71 | 0,80 | 0,48 |
| | в) стаклена амбалажа: | | | |
| | А - (сите ризици) со франшиза | 0,26 | 0,35 | 0,21 |
| | А + расипување со франшиза | 0,44 | 0,62 | 0,30 |
| | А + расипување без франшиза | 0,53 | 0,71 | 0,44 |
| 8. | Алкохолни пијалоци, екстракти, сокови од овошје и зеленчук во: | | | |
| | а) танкери и цистерни | | | |
| | А-(сите ризици) со франшиза | 0,28 | 0,35 | 0,12 |
| | б) буриња,бочви,лименки и пластична амбалажа | | | |
| | А – (сите ризици) со франшиза | 0,26 | 0,38 | 0,12 |
| | А – (сите ризици) без Франшиза | 0,48 | 0,62 | 0,36 |
| | в) стаклена амбалажа,балони, шишиња и слично | | | |
| | А- (сите ризици) со франшиза | 0,35 | 0,44 | 0,21 |
| | А – (сите ризици) без франшиза | 0,57 | 0,71 | 0,44 |

1. Оваа тарифа се применува на увоз и извоз на следната стока:
   — стапките под 1: за лесно расипливи производи: цреши, вишњи, јагоди, малини, боровинки, капини, свежи смокви, краставици, грозје, свежи печурки, млад компир, грашок, боранија, сладолед и сл.;
   — стапките под 2: свежи сливи, кајсии, рибизли, круши, лупени ореви, бадеми, лешници, свежи домати, пиперки, млад лук и кромид, кељ, карфиол, ротквици, семе од афион, лубеници, дињи и расипливо овошје и зеленчук кој не е наведен под 1 или 3;
   — стапките под 3: јаболка, дуњи, ореви, бадеми, компири, грав, лека, лук, кромид, зелка, моркови и друго овошје и зеленчук кое не подлежи на брзо расипување и скапување.
2. Под останати превози, по оваа тарифа, се подразбира превоз по железница, друмски, речни и воздушни сообракајни средства како и превоз по пошта, без оглед на употребено превозно средство, вклучувајки го и превозот до британските и данските острови и скандинавските земји со фериброд.
3. Горе наведените премиски стапи се применуваат на пратки кои се осигурени по Посебни услови предвидени со соодветните прописи.
4. Премиските стапки предвидени за осигурување по клаузулата А плус расипување, или надувување се применуваат за осигурување на расипување, односно надувување од било која причина, вклучувајки го и ризикот смрзнување како и трошоци за замена на оштетни етикети.
5. При ликвидација на штети за пратките осигурени по оваа тарифа, ако не е откупена франшизата ќе се применува Тарифата за франшизи.
6. За осигурување на ризикот одбивање на прием кај поединечните пратки поради штетен настан на: свежо, смрзнато или сушено овошје и зеленчук се наплатува стапка од 3,0%, а при преработено овошје, зеленчук и пијалоци стапка од 2,4%.
7. Ако превозник на пратката е наш осигуреник, карго стапките од оваа Тарифа може да се намалат за 20%.

**ТАРИФА 7**
**За осигурување на житарици, брашно, лековити билки, тутун, цигари**

| Ред. бр. | Вид на Стоката | поморски превози На САД Канада и Европа | Останати земји | Речен превоз | останати превози |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Жито и брашно | | | | |
| | а) рефуз | | | | |
| | Ц | 0,12 | 0,17 | 0,12 | 0,08 |
| | Б | 0,17 | 0,21 | 0,17 | 0,08 |
| | А | 0,36 | 0,48 | 0,36 | 0,21 |
| | А+ кусок од било која причина | 0,71 | 0,80 | 0,53 | 0,38 |
| | + самозапалување и расипување | 0,89 | 0,98 | 0,71 | 0,53 |
| | б) пакувано | | | | |
| | Ц | 0,08 | 0,10 | 0,08 | 0,06 |
| | Б | 0,12 | 0,15 | 0,12 | 0,08 |
| | А | 0,26 | 0,26 | 0,26 | 0,17 |
| | А+самозапалување и расипување | 0,62 | 0,66 | 0,44 | 0,39 |
| 2. | Лековити и ароматични билки и тутун | | | | |
| | Ц | 0,08 | 0,10 | - | - |
| | Б | - | - | 0,12 | 0,08 |
| | А | 0,21 | 0,26 | 0,21 | 0,21 |
| | А+самозапалување и расипување | 0,38 | 0,49 | 0,44 | 0,21 |
| 3. | Цигари и хартија | | | | |
| | Ц | 0,08 | 0,10 | - | - |
| | Б | - | 0,30 | 0,12 | 0,08 |
| | А | 0,26 | 0,39 | 0,26 | 0,21 |
| | А + згмечување и расипување | 0,44 | 0,48 | 0,44 | 0,39 |

1. Ризикот кусок се осигурува ако се врши званично мерење на исти начин при утовар и растовар на пратките.
2. Ризикот расипување се осигурува под услов превозот да се врши во соодветни превозни средства и да има хавариски цертификат во местото на утовар дека стоката е исправна и во растовар ако има штета.
3. Кусокот се осигурува со 0,5% франшиза. За откуп на франшизата се пресметува доплаток од 50% од износот на франшизата.
4. Горните премиски стапки се применуваат на осигурувања од склад до склад, вклучувајќи го и внатрешниот превоз, попатни претовари и вскладишување. Кај комбинираните превози се применуваат стапките за поморски превоз.
5. За осигурување ризикот одбивање кај поединечните пратки од случај до случај и тоа кај пченката и лековитите растенија при увоз се наплатува стапка од 2%, а за сета останата стока стапка од 1%.

## ТАРИФА 8
### за осигурување пратки на стакло во поморски и копнен превоз

| Ред. бр. | Од или до пристаниште односно место | А+ ризик кршење во % поморски | копнен | франшиза |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | а) Европа,САД,Канада | 1,78 | 1,33 | 1,20 |
| | б) Внатрешност | 2,23 | | |
| 2. | а) Сите останати земји | 2,23 | 1,78 | 1,20 |
| | б) Внатрешност | 2,48 | | |

1. Оваа тарифа се применува за осигурување на рамно стакло на вообичаен начин за транспорт, со вклучен ризик сите ризции т.е. Кл—А + ризик кршење.
2. По оваа тарифа се врши осигурување на шупло стакло и термопан и стапките се за 45% помали од наведените во Тарифава.
3. Осигурувањето по оваа тарифа се врши со одбитна франшиза по пратка. За осигурување на франшизата се пресметува доплаток од 50% од износот на истата.
4. Ако во текот на осигуреното патување се врши претовар или истовар во пристаништето со помош на маони, премиските стапки се зголемуваат за 30%.
5. Релацијата внатрешност по оваа тарифа се подразбира за пратки за комбиниран транспорт.

## ТАРИФА 9
### За осигурување пратки на електорнски цевки

| ред.бр | Од место до место | кршење на цевки со исклучено кршење на внатрешни органи стапка | франшиза | кршење на цевки со вклучено кршење на внатрешни органи стапка | франшиза |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Земји на Европа и САД | 0,69 | 0,99 | 0,99 | 1,20 |
| 2. | Сите останати земји | 0,99 | 0,99 | 1,09 | 1,20 |

1. Оваа тарифа се применува за осигурување на електронски цевки за телевизија, рентген и сл. електорника, пакувани и отпремени на соодветен начин на превоз.
2. По оваа тарифа се врши осигурување на следните ризици
   - кршење на цевки и електронски апарати со исклучено кршење на внатрешните органи;
   - кршење на цевки и електронски апарати со вклучено кршење на внатрешініте органи.

   Штетите настанати од последица на фабрички грешки и скриени мани при изработката не се покриени со осигурување.
3. За откуп на франшизата се пресметува доплаток од 60% од истата.
4. Ако осигурената сума го минува износот од 10.000ЕУР или еквивалент во друга валута, а осигурено е покритие по точка 2. Б) од оваа тарифа, при приемот на пратката обавезно треба да присуствува осигурувачот или него хавариски комесар.

## ТАРИФА 10
## За осигурување на пратки за живи животни

### А. Поморски превоз

стапки во проценти

| ред.бр | Од пристаниште до пристаниште | стапка | франшиза | стапка | франшиза |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1, | Европа,САД и Канада | 0,38 | 1,08 | 0,59 | 1,62 |
| 2, | Останати земји | 0,69 | 1,62 | 0,99 | 2,16 |

1. Оваа тарифа се применува за осигурување на живи животни во поморски транспорт. Осигурување на егзотични животни не се врши по оваа тарифа.
2. Осигурување по оваа тарифа се врши по условите на клаузулата:
   а) Live stock бр.2 сите ризици, т.е. Кл. А или
   б) Live Stock бр.2 проширена, ги вклучува штетите поради повреда, кршење на нозе, принудно колење, угинување, угинување поради бременост, бегање на животните.
3. Ако, осигуреникот бара осигурување по условите против сите ризици, т.е. Кл. А се зема стапката под а за условот Б Live Stock — проширен.
4. Осигурувањето по оваа тарифа под а) и б) се дава под услов осигуреникот да обезбеди пратител, храна и поење. Потрено е да има цертификат од надлежниот званичен орган за состојбата на пратката при приемот во осигурување (ветеринарно уверение)
5. Осигурувањето по оваа тарифа се врши со франшиза по пратка. За откуп на франшизата се пресметува доплаток од 50% од истата.
6. Ако се бара осигурување од пристаниште до складиште во внатрешноста, премиските стапки од оваа тарифа треба да се зголемат за 50%. Оваа покритие се дава без оглед на начинот на транспортот на животните по копно, вклучувајки го и терањето.
7. За осигурување на живите животни, од шталата во пристаништето на утоварот, со вклучување на утовар во брод по условите Против сите ризици, А, Live Stock бр.2 проширено, се доплака по стапка од 0,200% без франшиза.

### Б. За копнен превоз

| РЕЛАЦИЈА | Ризици по точка 2 под а) | | | | Угинување на егзотични животни | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | | Б | | В | | Г | | | |
| | ст. | фр. | ст. | фр. | ст. | фр. | ст. | Фр | стапка | франшиза |
| 1 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 1 До и од граница | 0,17 | 2 | 0,89 | 2 | 0,26 | 2 | 0,71 | 2 | 1,86 | 2 |
| 2. Соседни земји | 0,53 | 2 | 1,07 | 2 | 0,35 | 2 | 0,89 | 2 | 2,68 | 2 |
| 3. Останати европски со исклучок на 2 и 4 | 0,71 | 2 | 1,33 | 2 | 0,44 | 2 | 1,33 | 2 | 3,58 | 2 |
| 4.Велика Британија, Португалија,СССР, Турција азиска и други надвор од Европа | 0,89 | 2 | 1,78 | 2 | 0,53 | 2 | 1,33 | 2 | 4,02 | 2 |

1. Оваа тарифа се применува за осигурување на следниге живи животни:
   а) ситен и крупен добиток, папкари и копитари,
   б) полжави, ракови, жаби, змии, желки, пчели и риби,
   в) живина,
   г) жив дивеч,
   д) егзотични животни наменети за зоолошки градини.
2. Осигурувањето по оваа тарифа се дава против:
   а) угинување, принудно колење, отепување или повреда од било која причина, вклучувајќи го бегањето на животните;
   б) губење на плодот поради пометнување или мртво раѓање под услов претходно да се осигурени сите ризици.
3. Осигурувањето по оваа тарифа се дава под услов осигуреникот да обезбеди пратител, храна и поење и да има испоставен цертификат од надлежниот ветеринар за положбата на пратката при приемот во осигурување.

**В. Осигурување за време на карантин**

| ред.бр. | Предмет на осигурување | Угинување (3А) | | Губење на плодот (3Б) | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | стапка | франшиза | стапка | франшиза |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Сите видови животни | 0,26 | 1 | 0,44 | - |

1. Оваа тарифа се применува за осигурување на живи животни, ситни и крупни, за време на карантинот. Осигурувањето на егзотични животни не се врши по оваaТарифа.
2. Осигурувањето на карантинот по оваа тарифа се врши само ако истиот е во врска со транспортот на соодветната пратка, односно ако е во прашање продолжување на осигурувањето по истекот на осигурување за време на транспортот.
3. Осигурувањето по оваа тарифа се дава против:
4. За осигурување на стоката за време на карантинот премиските стапки за секој започнат месец и франшизите изнесуваат како во табелата под В).
5. Ако се бара продолжување на покритието во карантинот по условите од полисата која содржи покритие по клаузулата против сите ризици премиските стапки од оваа тарифа се намалуваат за 50%.
6. Осигурувањето по оваа тарифа под Б) се дава под услов животните да се сместени во карантин на начин и под услови кои се пропишани од надлежните ветеринарни органи на соодветната земја.
7. Осигурувањето по оваа тарифа се врши со одбитна франшиза. За откуп на франшизата се пресметува доплаток од 30% од износот на истата.
   а) угинување, принудно колење, убивање или повреда од било која причина,
   б) губење на плодот поради пометнување или мртво раѓање.

## ТАРИФА 11
## За осигурување на пратки на личен багаж

во проценти

| ред.бр. | Од или до местото | стапка |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Европа, САД, Канада | 0,44 |
| 2. | Сите останати земји | 0,62 |

1. Оваа тарифа се применува за осигурување на личен багаж при превоз. Пари, накит и документи од било кој вид не се сметаат како багаж и не се осигуруваат по оваа тарифа.
2. Личниот багаж се осигурува од ризиците: сообраќајна незгода, пожар, пагање, гром, експлозија, временски непогоди, кражба, делумна кражба, неиспорака и замена на багажот, т.е. Против сите ризици.
3. Личниот багаж е покриен со осигурување од моментот на напуштање на просторијата на престојот на осигуреникот во местото означено во полисата, патувањето до пристигнувањето во просториите за престој на осигуреникот во одреденото место.
4. Осигурувањето на личен багаж е со одредено траење: транспортот и престојот во пренокиште, гостилница, стан или други простории надвор од местото на престојот на осигуреникот. За секој започнат месец на траење на осигурувањето се наплатува полниот износ на премијата, ако вредноста е помала се пресметува минималната премија.
5. Осигурувањето по оваа тарифа се врши со приложен список на предмети по количини и цени.

## ТАРИФА 12
## За осигурување на вредносни пратки—валори

во проценти

| ред.бр. | Релација | против сите ризици |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Европа | 0,17 |
| 2. | Сите останати земји | 0,21 |

1. Оваа тарифа се применува за осигурување на валори при вревоз, на сите видови на книжни и ковани пари, злато, сребро, платина како и сите видови на хартии од вредност (чекови, меници, обврзници, акции, лозови, марки кои се во промет) и сл.
2. Осигурувањето се врши по специјалните услови и тоа:
   Со овие услови се осигурува превозот на пари, валути, племенити метали, реткости, филателистички збирки и хартии од вредност, од моментот кога благајникот т.е. лицето што врши пренос, возилото или специјалното возило ќе ги превземе осигурените предмети и трае до предавањето во определеното место, т.е. додека трае ризикот на осигуреникот. Осигурителното покритие е од сите ризици со вклучен ризик разбојничка кражба.
   Сумите на осигурување се утврдуваат во зависност од начинот на превозот и обезбедувањето, и тоа:
   1. Пренос на благајник—инкасатор или друго овластено лице со одење пеш, користење на јавен превоз или самиот е возач до лимит од 10.000 ЕУР по пратка во денарска против вредност;
   2. Пренос од благајник со придружник пешки или заклучена ташна со алармен уред, во јавен превоз или возило до 20.000 ЕУР по пратка во денарска противредност;
   3. Пренос на пратки од благајник со еден вооружен придружник, со користење на моторно возило при превозот до 50.000 ЕУР, во денарска противвредност;
   4. Пренос на пратки од 50.000—400.000 ЕУР со двајца вооружени пратители и користење на моторно возило;
   5. Пренос на пратки до 400.000 — 1.500.000 ЕУР со двајца вооружени пратители со користење на специјално возило со вооружена придружба со сопствена радиостаница.
      a. Моторните возила мораат да бидат технички исправни и да имаат противпожарен апарат.
   6. За пари, хартии од вредност и други вредносни пратки што се превезуваат со превозници (авион, железница, пошта и сл.) задолжително се декларираат како вредносни пратки на стварната вредност, а минимум 30%, во спротивно ќе се исплаќаат штети до 50% од стварната вредност.
   7. Во меѓународен превоз, во осигурување може да се превземаат пратки, максимум до лимитот на обезбеденото реосигурително покритие што се утврдува секоја година со Табелата за максимален самопридржај.
      Превозот на пратките може да се врши на следните начини:
      - предавање на пратката на превозникот со декларирање карго пратка;
      - предавање на пратката на превозникот со делумно декларирање — минимум 30%, со што пратката добива третман на вредносна пратка;
      - предавање на превозникот како карго пратка без декларирање на вредноста на нагласување на вредноста со товарниот лист во изјавено за царина;
      - пренос како личен багаж до 1.500.000 ЕУР или максимум до самопридржајот со придружник;
      - пратки над самопридржај може да се примаат во осигурување ако претходно биде обезбедено факултативно покритие. Ваквите пратки се пријавуваат 5 работни дена пред планираниот превоз и ќе се применуваат условите добиени од реосигурувачот, а премиската стапка се зголемува до 30% за трошоците на Друштвото за осигурување , а премијата за целата пратка се плаќа во девизи, или денари;
      - во меѓународен карго известие за денот на превозот до експозитурата дава осигуреникот во затворен или оверен коверт по строго доверливо;
      - превозот до и од аеродромите се врши со специјално возило и вооружена придружба од полициска пратка;
      - да се избегнува претовар при превоз, доколку е неопходен претовар или задржување на аеродроми пратката да биде под полициски надзор или да се смести во аеродромски или банкарски трезори.
      - Со цел превентивно да се делува и да се обезбеди тајноста на информацијата, добиеното известие се чува два дена во касата на експозитурата, а потоа се отвара од шефот на службата и едно доверливо лице во služата и се фактурира пратката

на осигуреникот. Копија од пресметката се доставува до Стручниот сектор на Друштвото за осигурување;
- штетите се исплаќаат во денарска противвредност по курсот на денот на превозот, ако поинаку не е договорено.

8. При превозот на пратките мора да се сочува тајноста, благајниците и возилата да се движат по најкраткиот јавен пат без попатно задржување и ноќевање.
9. Ако осигуреникот направи пропуст во начинот на превозот и обезбедувањето ќе има покритие до 10.000 ЕУР или до она покритие за кое целосно ги исполни условите, без оглед што превезувал поголеми износи.
10. Поединечните пратки во мегународен транспорт се фактурираат веднаш по отпремата, а пресметката на премија во домашен транспорт ќе се врши врз основа на евиденцијата за стварните преноси и превози на: пари, валути, хартии од вредност за секој месец. Осигуреникот е должен да даде стварни податоци до 5-ти во месецот за изминатиот и да ја плати фактурата во законскиот рок.
11. Во колку прометот е мал се пресметува годишна минимална премија.
12. Во случај на штета веднаш се известува полицијата и осигурувачот. За украдените валути ќе се применува курсот кога настанала штетата. За реткости и филателистички збирки кога се превезуваат треба да постои список со поединечни цени.
13. Премиските стапки од оваа тарифа се предвидени за осигурување на пратки кои се декларирани на превозникот.
Ако се осигуруваат не декларирани пратки или пратки декларирани под вистинската вредност, стапките од оваа тарифа се зголемуваат на 100%.
14. Ако се во прашање пратки над 100.000 ЕУР пред приемот во осигурување експозитурата е должна веднаш да ја извести Стручната служба на Друштвото за осигурување.
15. Отстапување од Тарифата може да се направи со договорот за отворено покритие, по одобрение на Генералниот директор или од него овластено лице.

## ТАРИФА 13
## За осигурување на пратки кои се превезуваат на сопствени тркала

во проценти

| ред.бр | Од или до местото | Покритие по точ.2 од оваа тарифа<br>шински возила | <br>друмски возила |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | Во земјите до и од граница | 0,10 | 0,12 |
| 2. | Соседни земји | 0, 12 | 0,15 |
| 3. | Останати земји | 0,17 | 0,21 |

1. Оваа тарифа се применува за осигурување на пратки на друмските и шински возила кои во целиот или делот на осигурениот пат се превезуваат на свои тркала.
2. Со осигурвањето по оваа тарифа се покриени следните ризици: сообаќајна незгода (судар, удар, преврттување, урнување, лизнување), пожар, гром, експлозија на возилото, луња, поплава, земјотрес, кражба на целото возило, делови или опремата на возилото, оштетување од страна на трети лица, вдлабнување и одлуштување т.е. Против сите ризици.
3. Осигурувањето по оваа тарифа се врши со одбитна франшиза од 0,5% по возило. За откуп на франшизата се пресметува доплаток од 30% од износот на истата.
4. За оправдано задржување на пратката за време на осигурениот пат над 30 дена, а најповеќе до 90 дена, премиските стапки од оваа тарифа се зголемуваат за 100%, под услов да се сместени во соодветен склад.
5. Ако при превоз се користи фериброд, за покритие на поморски превоз се доплаќа од 0,15 — 0,2%
6. Исклучени се штети што возилото ќе ги направи на трети лица во земјата и странство.

## Т А Р И Ф А 14
## За осигурување на метали, метални производи и руди

| Ред бр. | Вид на стока | поморски превоз | | речен превоз | копнен превоз |
|---|---|---|---|---|---|
| | | САД, Канада Европа | други земји | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Старо—отпадно железо | | | | |
| | Ц | 0,08 | 0,10 | 0,09 | 0,05 |
| | Б | 0,17 | 0,21 | 0,12 | - |
| | А | 0,26 | 0,32 | 0,22 | 0,10 |
| 2. | Фазонско железо, шипкаст челик, бетонско железо, метални жици, столбови, блокови и сл. железен материјал непакуван | | | | |
| | Ц | 0,10 | 0,12 | 0,09 | 0,07 |
| | Б | 0,17 | 0,21 | 0,14 | |
| | А | 0,30 | 0,35 | 0,26 | 0,15 |
| 3. | Пакувани линови, цевки, железарски материјал, точила, шмиргла, дијаманти индустриски и алат | | | | |
| | Ц | 0,30 | 0,15 | 0,10 | 0,09 |
| | Б | 0,09 | 0,21 | 0,08 | - |
| | А | 0,35 | 0,39 | 0,26 | 0,17 |
| 4. | Обоени метали—пакувани | | | | |
| | Ц | 0,09 | 0,12 | 0,09 | 0,09 |
| | Б | 0,12 | 0,09 | 0,12 | - |
| | А | 0,26 | 0,30 | 0,26 | 0,12 |
| 5. | Руди и концентрати – рефус | | | | |
| | Ц | 0,10 | 0,15 | 0,10 | 0,09 |
| | Б | 0,17 | 0,17 | 0,17 | - |
| | А | 0,35 | 0,39 | 0,26 | 0,17 |

1. Кај осигурување под реден број 5 по оваа тарифа не е вклучен ризикот *кусок* и се пресметува одбитна франшиза од 0,5% до 1% по пратка, а се утврдува со цертификат за званично мерење при утовар и растовар во сите превози и цертификат за влажност.
2. Релацијата поморски превоз по оваа тарифа вклучува и внатрешност.
3. При пратките кои се превезуваат за пристаништата во САД преку каналот Ст. Лавренце се наплатува доплаток од 0,054%.

## ТАРИФА 15
## за осигурување на мермер, керамички плочки и графит

| ред.бр. | Вид на стоката | Поморски превоз | | | Копнен превоз |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Ц | Б | А | сите земји |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Мермер во блокови | 0,08 | 0,12 | 0,26 | 0,21 |
| 2. | Мермер во плочи | 0,12 | 0,21 | 0,35 | 0,26 |
| 3. | Графит и керамички плочки | 0,12 | 0,21 | 0,39 | 0,30 |

1. Осигурувањето по оваа Тарифа се прави со одбитна франшиза од 0,5%, а за откуп се доплаќа 50% од истата.
2. Под поморски превоз се подразбира и внатрешен превоз, ако пратката патува на ризик на осигуреникот, а тоа треба да се нагласи во полисата.

**ТАРИФА 16**
**за осигурување на пратки по клаузулите Против сите ризици и Кл. А**

| ред.бр. | Пристаништа | Пратки од класите | |
|---|---|---|---|
| | | А и Б | В |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | ЕВРОПА | | |
| | До и од Средоземни пристаништа на Европа | 0,21 | 0,36 |
| | Внатрешност | 0,26 | 0,39 |
| | До и од останати пристаништа на Европа | 0,26 | 0,44 |
| | Внатрешност | 0,30 | 0,48 |
| 2. | АФРИКА | | |
| | До и од пристаништа на Средоземно море | 0,30 | 0,44 |
| | Внатрешност | 0,37 | 0,53 |
| 3. | Пристаништа на Црвено Море, Аден, Атлански пристаништа на Мароко, Канарски и Азорски острови | 0,39 | 0,44 |
| | Внатрешност | 0,53 | 0,57 |
| 4. | Пристаништа на Западна и Источна Африка (освен пристаништа под ред. бр.4) и на Јужна Африка и Мадагаскар | 0,44 | 0,62 |
| | Внатрешност | 0,57 | 0,71 |
| 5. | АЗИЈА | | |
| | Пристаништа на Средоземјето | 0,36 | 0,44 |
| | Внатрешност | 0,48 | 0,57 |
| 6. | Пристаништа во Персискиот залив, Иран, Пакистан, Индија, Шри Ланка и Бурма | 0,44 | 0,53 |
| | Внатрешност | 0,59 | 0,79 |
| 7. | Пристаништа на Тајланд, Малаја, Сингапур, Камоџа, Виетман, Индонезија | 0,48 | 0,62 |
| | Внатрешност | 0,58 | 0,80 |
| 8. | Хонконг, Филипини, Кина, Јапонија, Кореја, Заедница на Независни Држави | 0,44 | 0,53 |
| | Внатрешност | 0,53 | 0,62 |
| 9. | АВСТРАЛИЈА | | |
| | _Пристаништа на Австралија Нови Зеланд | 0,44 | 0,53 |
| | Внатрешност | 0,53 | 0,62 |
| 10. | АМЕРИКА | | |
| | Атлански пристаништа на Северна Америка | 0,26 | 0,35 |
| | Внатрешност | 0,22 | 0,44 |
| 11. | Пристаништа на Големите езера | 0,36 | 0,44 |
| | Внатрешност | 0,39 | 0,53 |

| ред.бр. | Пристаништа | Пратки од класите | |
|---|---|---|---|
| | | А и Б | В |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 12. | Пристаништа на Атлантикот на Средна Америка, вклучувајќи ги Мексико и островите во Кипарското Море | 0,44 | 0,53 |
| | Внатрешност | 0,53 | 0,71 |
| 13. | Пристаништа на Атлантикот во Јужна Америка | 0,48 | 0,53 |
| | Внатрешност | 0,62 | 0,71 |
| 14. | Пристаништа на Пацификот од Северна Америка и Хаваите | 0,44 | 0,53 |
| | Внатрешност | 0,53 | 0,62 |
| 15. | Пристаништа на Пацификот од Средна Америка, вклучувајќи го и Мексико | 0,30 | 0,53 |
| | Внатрешност | 0,62 | 0,71 |
| 16. | Пристаништа на Пацификот од Јужна Америка | 0,53 | 0,62 |
| | Внатрешност | 0,71 | 0,71 |

1. По оваа Тарифа релацијата внатрешност подразбира, ако пратката се превезува во комбиниран превоз од * кука до куќа *.
2. Премиските стапки се без франшиза освен за ринфузни пратки, стоки што калираат и кршлива стока.
3. Превземачите на ризик може во оправдани случаи да одстапат до 10% од Тарифата + или - ако оценат дека ризиците се смалуваат или зголемуваат во моментот на превозот.

## ТАРИФА 17
## за осигурување на стока во копнен, авионски и речен транспорт

во проценти

| ред.бр. | Релација | основни ризици | | против сите ризици | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | АБ | В | АБ | В |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | До и од граница | 0,04 | 0,09 | 0,10 | 0,19 |
| 2. | Гранични земји | 0,06 | 0,10 | 0,15 | 0,24 |
| 3. | Сите останати Европски земји со исклучок на земјите под ред.бр. 2 и 4 | 0,10 | 0,17 | 0,21 | 0,30 |
| 4. | Велика Британија,Шпанија, Португалија,Заедница на Независни Држави,Шведска, Норвешка,Финска и Турција | 0,11 | 0,19 | 0,26 | 0,39 |
| 5. | Воневропски земји | 0,17 | 0,26 | 0,30 | 0,44 |

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

1. Осигурувањето по оваа Тарифа се врши по условите за осигуравње против *основните транспортни ризици*, односно *Против сите ризици* без франшиза, освен ако пратките по своите природни својства при осигурување специјални ризици подлежат под франшиза.
2. За осигурување на стоки во речен транспрот, премиските стапки се зголемуваат за 50%.
3. За осигурување на ризици при утовар ФОБ утоварена или растовар на ЦИФ пратки при купување и времено задржување до 30 дена во пристаништето, може да се договори осигурување по оваа Тарифа со доплаток од 0,080% за стоките од Кл. А и Б и 0,15% за стоките од Кл. В.
4. Ако превозот се врши со ферибрд за поморските ризици се доплаќа 0,15%.
5. Стапките се одредуваат спрема класификацијата на стоката.

## Т А Р И Ф А 18
**за одбитна франшиза**
**за меѓународен транспорт**

За наведените и слични стоки

**ПРЕМИСКА СТАПКА ВО %**

| ред.бр. ВИД НА СТОКА | Поморски превоз | Копнен превоз | За откуп |
|---|---|---|---|
| 1 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. Инвестициона опрема | 0,24 | 0,24 | 50% |
| 2. Равно стакло | 2,23 | 1,79 | 70% |
| 3. Шупло стакло, порцелан, керамика, кристал и сл. | 0,09 | 0,69 | 50% |
| 4. Нафта и нафтени деривати (танкери и цистерни) | 0,54 -0,71 | 0,24 | 60% |
| 5. Хемикалии во течност | | | |
| — танкери и цистерни | 0,44 | 0,24 | 60% |
| — пластична и лимена амбалажа | | | |
| 6. Стока во возила ладилници јужно овошје (овошје, зеленчук, месо, риба и сл) | 1,33 | 0,09 | 30% |
| 7. Угинување на животни | 1,79 | 0,09 | 30% |
| 8. За стоки пакувани во стаклена амбалажа | 0,44 | 0,24 | 30% |
| — по пакет | 0,09 | 0,09 | 30% |
| 9. Стока подлежна на растур | | | |
| — книжна и пластична амбалажа | 0,44 | 0,44 | 30% |
| — во текстилна амбалажа и палети | 0,19 | 0,19 | 30% |
| — бали и везови | 0,44 | 0,24 | 30% |
| — ринфуз (руди и сл.) | 1,33 | 0,09 | 60% |
| 10. Одлуштување и вдлабнување емајл, мебел и бела техника | 0,44 | 0,24 | 30% |
| 11. Јужно и свежо овошје и ран зеленчук во обични возила | 1,79 | 1,09 | 30% |
| 12. Кршење на јајца | 1,79 | 1,09 | 60% |
| 13. Електроника | | | |
| - надворешно | 0,09 | 0,69 | 50% |
| - внатрешно кршење | 1,33 | 0,09 | 60% |
| 14. Цевки лимени железни | 1,79 | 0,09 | 30% |
| 15. Житарици, ориз, кафе и сл. (растур — кало) | 0,44 | 0,24 | 50% |
| 16. Цемент (кинење на вреќи) | 1,79 | 0,09 | 50% |

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Оваа Тарифа се применува за наведените и слични стоки кои подлежат на франшиза. Франшизата се одбива од штетата, со оглед да го опфаќа просечниот комерцијален ризик на стоката кој вообичаено настанува при транспортот на стоките поради нивните природни својства (кало, крш, испарување, гребнување, трулење, корозија, растур и сл.).

Франшизата може да се откупи со процентите што се наведени во колона 5.

Откупот се врши од процентот на франшизата и тој износ се додава на основната премиска стапка и во полисата се наведува дека франшизата е откупена.

Во оправдани случаи кога има олеснителни или отежнителни околности, преземачот на ризикот при конкретното договарање на осигурувањето може да ја намали или зголеми франшизата до 10%.

При договарањето на осигурувањето задолжително треба да се договори и процентот на франшизата, а ако е откупена треба да се нагласи дека франшизата е откупена.
Тарифата за франшиза се употребува за осигурување во меѓународен транспорт и меѓународна одговорност на превозникот. За домашен транспорт франшизата се намалува за 40% од стапките утврдени во копнен превоз.
За некои стоки кои не се наведени во Тарифата ке се применуваат процентите за природна загуба при транспорт утврдени во Ц.И.М. Конвенцијата и Законот за договорите за превоз во железнички сообраќај (Сл. лист на СфРЈ, бр. 2/74) и дополнување на Законот (Сл. лист на СФРЈ, бр. 17/90 год.).

## ТАРИФА 19
## за осигурување на вскалдиштување

во проценти

| ред.бр. Ширина на покритие | Вскладиштување во затворен простор |
|---|---|
| 1 2 | 3 |
| 1. Продолжување на покритието по полиса кога осигурувањето е против основните транспортни ризици односно СС Ц и Б | 0,04 |
| 2. Продолжување на покритието по полиса кога осигурувањето е против сите ризици, односно СС *А* | 0,07 |
| 3. Продолжување на покритието по полиса кога покритието е продолжено и против специјалните ризици | 0,10 |

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

1. Премиските стапки се предвидени за секои започнати 30 дена.
2. Премиските стапки се однесуваат на осигурување на стока за време и попатно вскладиштување до кое е дојдено по желба на осигуреникот, како и за време на вскладиштување во одредиштето до колку осигурувањето на таквото вскладиштување претставува продолжување на осигурувањето по полиса.
3. Продолжување на покритието во складиштето против специјалните ризици е можно само ако стоката пред вскладиштувањето е прегледана од страна на хавариски комесар или осигурувачот и ако за тој преглед постои цертификат со клаузула дека стоката не е оштетена и да е подобна за вскладиштување и да е обезбедено соодвенто складиште.
4. Ако вскладиштувањето се пријави однапред за 3 или 6 месеци, стапките може да се намалат за 20% односно 30%.

## ТАРИФА 20
**за осигурување на специјални ризици кои не се покриени со Клаузулите А Кл. 252 Против сите ризици во поморски и копнен превоз**

во проценти

| ред.бр. | РИЗИЦИ | Релација | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Европа, САД, Канада | Сите останати земји | Копнен превоз |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Одбивање<br>Конкретна премиска стапка во рамките на овој распон се одредува во зависност од видот на стоката и релација | 0,99-2,16 | 1,00-3,00 | 0,08-1,62 |
| 2. | Оштетување на етикети од било кои причини | 0,03 | 0,02 | 0,03 |
| 3. | Загревање (или бродско потење од било кои причини)<br>Премиска стапка се одредува во зависност од видот на стоката и релацијата | 0,09-0,30 | 0,17-0,54 | - |
| 4. | Стврднување од било кои причини<br>Осигурувањето на овие ризици се прави по условите за осигурување од ризикот стврднување | 0,17 | 0,26 | 0,17 |
| 5. | Растурање-кусок, течен и истурување од било кои причини за ринфузни пратки без франшиза | | | |
| | -за течности и нафтени деривати | 0,17-0,42 | 0,34-0,66 | 0,17 |
| | -за руди, житарици | 0,44-0,72 | 0,69-1,20 | 0,24 |
| 6. | Угинување од било кои причини-само за егзотични животни наменети за ЗОО градини и слично.<br>Осигурувањето на овој ризик се прави по условите за осигурување угинување од било кои причини само за ЗОО градини и слично | 0,99-3,0 | 2,48-5,40 | 0,99-2,16 |
| 7. | Самозапалување од било кои причини | | | |
| | -јаглен | 0,24 | 0,35 | 0,21 |
| 8. | Расипување | | | |
| | - на јужно овошје | 0,99 | 1,12 | 0,93 |
| | -на месо | 0,69 | 0,99 | 0,54 |
| | -солени и сушени кожи и црева и слични производи | 0,12 | 0,17 | 0,09 |
| | Осигурување на овој ризик се прави по условите за осигурување од расипување на солени исушени црева од било кои причини и месо | | | |
| 9. | Експлозија од било која причина<br>Осигурувањето на овој ризик се прави по условите за осигурување експлозија од било која причина | 0,21 | 0,21 | 0,17 |
| 10. | Осветлување на филмови од било која причина. Осигурувањето на овој ризик се прави по условите за осигурување на осветлување на филмови од било која причина | 0,24 | 0,24 | 0,24 |

во проценти

| ред.бр. РИЗИЦИ | Релација | | |
|---|---|---|---|
| | Европа, САД, Канада | Сите останати земји | Копнен превоз |
| 1 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11. Смрзнување од било која причина | | | |
| а) хемикалии | 0,17 | 0,21 | 0,17 |
| б) овошје,зеленчук, јајца и месо | 0,21 | 0,30 | 0,21 |
| в) расад, корења и семе | 0,24 | 0,30 | 0,17 |
| Осигурувањето на овој ризик се прави по условите за осигурување смрзнување од било која причина, ако превозот се врши со соодветни возила | | | |
| 12. Впалување (расипување) брашно, житарици, соја и рибино брашно и сл. од било која причина | 0,24 | 0,34 | 0,21 |
| Осигурувањето на овој ризик се прави по условите за осигурувањеризикот впалување (расипување) на наведените стоки од било која причина | | | |
| 13. Одмрзнување од било која причина (за предмети што се транспортираат во фрижидери) | 0,44 | 0,54 | 0,44 |
| Ова осигурување се дава по условите за одмрзнување пратки во фрижидери, од било која причина | | | |
| - сладолед | 3,13 | 3,58 | 2,48 |
| 14. Рѓа, оксидирање од било кои причини | 0,82-1,62 | 0,12-0,216 | 0,09 |
| Осигурувањето на овој ризик се прави по условите за осигурување пратки од ризиците рѓа, оксидација и корозија од било кои причини ако е извршена антикорозивна заштита | | | |
| 15. Вдлабнување, гребнување и одлуштување на емајлирани садови | 0,09 | 0,17 | 0,09 |
| -франшиза | 0,44 | 0,54 | 0,44 |
| -за откуп на франшизата 30% | | | |
| 16. Монтирање и демонтирање | 0,03 | 0,09 | 0,03 |
| Ова осигирување се дава по условите за монтирање и демонтирање | | | |
| 17. Надувување конзерви до 100 дена | 0,35 | 0,44 | 0,24 |
| Ова осигурување се дава по условите за осигурување и надувување | | | |
| 18. Влага од било која причина | 0,12 | 0,21 | 0,12 |
| 19. Кантри демич кај памук | 0,06 | 0,09 | 0,06 |
| 20. Молци кај кожа и волна | 0,10 | 0,12 | 0,09 |
| 21. Жижавост кај житарици и соја | 0,09 | 0,10 | 0,09 |

1. Премиските стапки од оваа Тарифа се применуваат за осигурување на претходно споменатите ризици доколку пратката е осигурена против сите ризици, со доследна примена на специјалните услови и клаузули за осигурениот ризик.
2. Премиските стапки од оваа Тарифа се без франшиза, освен кај оние каде по Тарифата е предвидена франшиза, за откуп се пресметува доплаток во висина од 30% до 50% од франшизата.
3. Во полисата за осигурување посебно да се нагласи дополнителниот специјален ризик и условите по кои се осигурува пратката.

КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје